# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2020

**МАРТ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **7**

### ОБЛАСТ

| Област | Број |
|---|---|
| работни односи | 2 |
| образование | 0 |
| социјална сигурност | 0 |
| здравство | 2 |
| пристап до добра и услуги | 2 |
| домување | 0 |
| медиуми | 1 |
| избирачки права | 0 |
| друго | 0 |

## Реакции

Реакции овој месец **8**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| Вид | Број |
|---|---|
| осуда од функционери | 0 |
| соопштение од здр. на граѓани | 7 |
| протест | 1 |
| мислења на Народен Правобранител | 0 |
| мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 |
| останато | 0 |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ | 2 |
| Активности на здрж. на граѓани | 2 |

## Карактеристики на жртвата:

| Карактеристика | % |
|---|---|
| род | 14.28% |
| родов идентитет | 14.28% |
| пол | 14.28% |
| сексуална ориентација | 14.28% |
| етничка припадност | 14.28% |
| попреченост | 0% |
| корисници на дроги | 57.14% |
| друго | 14.28% |

### ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Кумулативна | 3 |
| Интерсекциска | 0 |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Директна | 6 |
| Индиректна | 0 |
| Вознемирување | 1 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 1 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

### СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2020




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД МАРТ 2020

### СЛУЧАЈ:

На 18 март, медиумите го објавија сведоштвото на девет лица сместени во Центарот за обука во Пепелиште – Криволак. Станува збор за девет лица кои се припадници на ромската етничка заедница и кои се враќале од Република Австрија, каде што дотогаш работеле. Според нивните наводи, тие не биле единствени кои во тој момент влегле во државата, но биле единствените сместени во карантин во Центарот за обука во Пепелиште – Криволак. На објавените слики јасно се забележуваат лошите хигиенски услови и недостатокот на соодветни легла во Центарот.

Хелсиншкиот комитет за човекови права апелираше до надлежните институции, во секој момент, да ги имаат предвид човековите права и човековото достоинство, особено кога станува збор за мерки на групна изолација. Човековото достоинство и човековите права треба да бидат во фокусот и центарот на овие мерки. Дополнително, согласно член 54 став 3 од Уставот на РСМ, ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Веднаш по реакциите од граѓанските организации, Министерството за одбрана соопшти дека Центарот за обука во Пепелиште бил само привремен простор каде требало да се извршат епидемиолошките прегледи и дека по завршувањето на овие прегледи, лицата ќе бидат преместени во реновираниот Завод во Демир Капија.

### СУДСКА ПРАКСА:

Европскиот суд за човекови права во случајот Чеголеа против Романија[1] утврди повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) од Европската конвенција за човекови права, во врска со член 3 од Протоколот број 1 кон Конвенцијата (право на слободни избори).

Во конкретниот случај, жалителката била жртва на дискриминација во однос на нејзиното право да биде избрана на парламентарните избори на 9 декември 2012, како дел од здружение кое го застапува италијанското малцинство во Романија. Кандидатурата на жалителката била подложена на дополнителни услови и на тој начин, жалителката била ставена во понеповолна положба од останатите малцински организации во Парламентот, кои немале обврска да ги исполнат истите дополнителни услови.

Во недостаток на судска контрола за заштита од арбитрерност, Судот утврдил дека целта на различното постапување кое го претрпела жалителката во споредба со националните малцински организации кои веќе биле застапени во Парламентот, не било легитимно и објективно оправдана.

[1] Cegolea v. Romania (application no. 25560/13)

### РЕСУРСИ:

1. ОБСЕ „ОБСЕ/ОДИХР Годишен извештај за 2019“ –

https://www.osce.org/odihr/annual-report/2019

2. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Фундаментални права на бегалците, барателите на азил и мигрантите на европските граници“ – https://fra.europa.eu/en/publication/2020/fundamental-rights-refugees-asylum-applicants-and-migrants-european-borders

3. Канцеларија на Високиот комесар за човекови права при Обединетите Нации „Коронавирус: Човековите права мора да бидат во фокусот и центарот на преземените мерки“ –

https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=25668&LangID=E

4. Канцеларија на Високиот комесар за човекови права при Обединетите Нации „43та седница на Советот за човекови права – Забелешки од годишната дебата за правата на лицата со попреченост –

https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=25679&LangID=E

5. Канцеларија на Високиот комесар за човекови права при Обединетите Нации „Изјава на Советот за човекови права по повод меѓународниот ден на жената“ –

https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=25671&LangID=E

6. Групација за миграциона политика „Расна дискриминација во образованието и европското законодавство за еднаквост“ –

https://www.migpolgroup.com/wp-content/uploads/2020/04/Racial-discrimination-in-education-and-EU-equality-law.pdf

7. Позитивна одлука на CEDAW Комитетот во корист на жените лезбејки во случајот О.Н. и Д.П. против Руската Федерација –

https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/75/D/119/2017&Lang=en&fbclid=IwAR3ULOlhcjLplDJIgYd8K69jpUfffA6zjZdpujLvt6OCwgS2xjYfSKeAFyE

8. Хелсиншки комитет за човекови права „Да се имаат предвид човековите права и достоинство кога се применуваат мерки за групна изолација“ –

https://mhc.org.mk/news/da-se-imaat-predvid-chovekovite-prava-i-dostoinstvo-koga-se-primenuvaat-merki-za-grupna-izolacija/

9. Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство „Зголемен ризик од семејно и интимно партнерско насилство во период на вонредна состојба“ –

https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/19-03-2020-soopshtenie-za-mediumi-zgolemen-rizik-od-semejno-i-intimno-partnersko-nasilstvo-vo-period-na-vonredna-sostojba/

10. Медуза „„Дома“ не е безбедно за сите“ –

https://meduza.mk/fem-101/doma-ne-e-bezbedno-za-site/

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**